ООУ„Панајот Гиновски“/ShFK “Panajot Ginovski”
Адреса/adresa: ул: „Ферид Бајрам” бр.30, Општина Бутел, Скопје/ rru.”Ferid Bajram” nr.30/Komuna Butel, Shkup
Tel/fax: 02 / 2621-416, oupanajotginovski@yahoo.com, ООУ „Панајот Гиновски“ (oоupanajotginovski.edu.mk)

Врз основа на член 5 од Законот за основното образование (Службен весник на РМ бр. бр.161/19 и 229/20), и од ООУ „Панајот Гиновски“ на ден 14.11.2023 година, изготви следна

# Процедура

## за ученици кои подолго отсуствуваат од настава

### Член 1

Со оваа прецедура се уредува место на организирање и остварување на основното образование во ООУ „Панајот Гиновски“.

### Член 2

Основното образование се организира и остварува во основно училиште.

### Член 3

Основно образование се организира и остварува и во здравствени установи, казнено- поправни и воспитно-поправни установи, како и во домашни услови, согласно со овој закон.

### Член 4

Училиштето организира воспитно-образовен процес во домашни услови како посебен облик на работа за ученици на подолго домашно лекување.

### Член 5

За учениците кои, поради поголеми здравствени проблеми или хронични болести, не можат да посетуваат настава подолго од три недели, наставата се организира во домашни услови, односно во здравствена установа.

### Член 6

Родителот, односно старателот го известува училиштето за потребата за настава на ученикот кој е на подолго домашно или болничко лекување.

**Член 7**

Основно образование во здравствени установи и казнено-поправни и воспитно - поправни установи, го реализира училиштето кое е најблиско до установата и реализира настава на мајчин јазик на ученикот во овие установи, а во домашни услови училиштето каде што е запишан ученикот.

**Член 8**

Начинот на избор на основно училиште, поблиските критериуми и начинот на организирање на наставата во установите, како и во домашни услови ги утврдува министерот, на предлог на Бирото.

Скопје, 2023 година

Директор:
Благородна Сотиров